## ЗАКЛУЧОК

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, на 31 октомври 2025 година расправаше за Претставката поднесена од против , кандидат за градоначалник на Град Скопје од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, за начинот на комуникација кон неговиот политички соперник, кандидат за градоначалник на Град Скопје од политичката партија Левица, за време на ТВ-дуелот емитуван на Канал 5 и достапен на Фејсбук профилот на Телевизијата од 28 октомври 2025.

Жалителката наведува дека кон својот политички соперник се обраќал „дискриминирачки и неетички“, инсистирајќи да ја „префрли вината кон заради противзаконски дејствија и однесување на неговиот родител, со кој не живеел и не живее во заедница“. Со тоа, како што се наведува во претставката „кандидатот на ВМРО ДПМНЕ не само што ги повреди чувствата на противкандидатот од Левица, туку грубо ги повреди чувствата и на гледачите и гласачите кои живеат или живееле само со самохрана мајка, а при тоа немаат никаква врска со таткото и неговото противзаконско однесување. Сметам дека ниту едно дете на овој свет не би требало во никој случај да чувствува лична морална одговорност за (не)делата на своите родители со кои не живеело“ – наведува Ристова.

Претставката е поткрепена со кус транскрипт од ТВ-дуелот, односно цитат (и тајм-кодови) на двајцата учесници, за темата.

Координативното тело, имајќи предвид дека политичките претставници во текот на изборна кампања треба да покажат поголема отпорност кон критики и напади од своите опоненти или од јавноста, оцени дека во овој случај кандидатот на ВМРО ДПМНЕ , сепак прекршува дел од одредбите на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, наброени во членот 5 - Начела и стандарди за политичките партии и (независните) кандидати. Имено, од нив, меѓу другото, се очекува дека:

*- Ќе се воздржуваат од злоупотреба на моќта на социјалните мрежи и од намерно креирање, објавување и ширење информации со цел промовирање на неточни, нецелосни или злонамерни информации и спинови;*

*- Ќе настојуваат да користат аргументи и факти во јавните дебати и дискусии, примерен и учтив јазик во комуникацијата со јавноста, и ќе ги почитуваат различните ставови и мислења;*

*-Ќе се воздржат од водење негативна кампања против своите опоненти;*

*-Ќе се воздржуваат од и строго ќе го осудуваат користењето говор кој поттикнува насилство, религиска или меѓуетничка нетолеранција или дискриминација врз која било основа;*

Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми е насока за добро однесување заради обезбедување интегритет на информациите за време на избори и референдуми, транспарентност на политичкото рекламирање, приватност и безбедност при обработката

на личните податоци на граѓаните, како и насока за спречување на креирањето и ширењето дезинформации, говор на омраза, и дискриминација по која било основа. Целта е да се подобри транспарентноста на изборите и да се зајакне довербата на граѓаните во изборниот процес, поради што се очекува сите учесници во политичката трка да ги почитуваат неговите одредби.

Скопје,
31.10.2025 година

**Координативното тело**
**за следење на почитувањето на начелата и**
**стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**